**20250250563**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 46 став 2 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 254/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 февруари 2025 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ ЗА 2025 ГОДИНА

Член 1

Со оваа програма се врши распределба на средствата за поттикнување рамномерен регионален развој во Република Северна Македонија, утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година во Раздел 28001 - Биро за регионален развој, Потпрограма ОА Рамномерен регионален развој, ставка 488- Капитални дотации до единиците за локална самоуправа и ставка 489-Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации во износ од 206.985.000 денари.

Член 2

Средствата од членот 1 од оваа програма се користат за:

| | |
|---|---|
| 1. Финансирање на проекти за развој на планските региони | 66.543.590 денари |
| 2. Финансирање на проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби | 18.148.252 денари |
| 3. Финансирање на проекти за развој на селата | 18.148.252 денари |
| 4. Финансирање на проекти за развој на урбаните подрачја и одржлив и урбан развој | 18.148.252 денари |
| 5. Исплата на средства за плаќање на придонесите за пензиско-инвалидско и здравствено осигурување за лица кои имаат стекнато право на плаќање | 390.000 денари |
| 6. Неизмирени обврски од 2024 година | 85.606.654 денари |
| ВКУПНО: | 206.985.000 денари |

Член 3

Средствата од член 2 точка 1 од табелата од оваа програма во износ од 66.543.590 денари ќе се користат за финансирање на проекти за развој на планските региони, согласно член 38 од Законот за рамномерен регионален развој (*).

Член 4

Средствата од член 2 точка 2 од табелата од оваа програма во износ од 18.148.252 денари ќе се користат за финансирање на проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби, согласно член 47 од Законот за рамномерен регионален развој (*).

Член 5

Средствата од член 2 точка 3 од табелата од оваа програма во износ од 18.148.252 денари ќе се користат за финансирање на проекти за развој на селата согласно член 48 ставовите (1), (2), (4), (5), (6) и (7) од Законот за рамномерен регионален развој (*).

Член 6

Средствата од член 2 точка 4 од табелата од оваа програма во износ од 18.148.252 денари ќе се користат за финансирање на проекти за развој на урбаните подрачја и одржлив и урбан развој, согласно член 48 ставовите (1), (2) и (3) од Законот за рамномерен регионален развој (*).

Член 7

Средствата од член 2 точка 5 од табелата од оваа програма во износ од 390.000 денари ќе се користат за исплата на придонесите за пензиско инвалидско и здравствено осигурување за лицата кои имаат стекнато право на плаќање заклучно со 31 декември 2007 година, согласно член 87 од Законот за рамномерен регионален развој (*).

Член 8

Средствата од член 2 точка 6 од табелата од оваа програма во износ од 85.606.654 денари, ќе се користат за исплата на неизмирени обврски од Програмата за рамномерен регионален развој за 2024 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 15/24).

Член 9

Средствата од член 2 од оваа програма ќе се одобруваат согласно утврдените принципи, цели и приоритети на регионалниот развој во Република Северна Македонија и дефинираните мерки, инструменти и финансиски и други средства за нивна реализација утврдени со Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија, Програмата за развој на планските региони, стратешките документи на општините и подзаконските акти за спроведување на Законот за рамномерен регионален развој (*).

Член 10

Следење на користењето на средствата од член 2 од оваа програма врши Бирото за регионален развој.

Член 11

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-262/6
4 февруари 2025 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.